ADING

# УБРЗУВАЧ-Ч

*Брзоврзувачка смеса за зачепување, произведена на цементна основа*
*Одговара на: BS 1881 part 4*

## Област на примена:

За зачепување на активни продори на вода или оросување кај подземни објекти на акумулациони езера, брани, резервоари, базени, тунели, рударски окна, подруми, засолништа, потпорни ѕидови и сл.;
Најчесто се користи при подготовка на подлогата за нанесување на хидроизолационен малтер Хидромал;

## Својства:

- Екстра брз почеток и крај на врзување;
- Еднокомпонентна прашкаста смеса;
- Одлична лепливост за подлога од бетон, камен или малтер;
- Не содржи хлориди;

## Технички карактеристики:

Јакост на притисок:
(EN 1015-11)

| | |
|---|---|
| -по 1 час | 6,0±2 MPa |
| -по 28 дена | 25,0±3 MPa |

Почеток на врзување:
(EN 196-3) ~ 1,0 мин.

## Подготовка на подлогата:

Продорот што треба да се зачепи треба да се издлаби до длабочина од минимум 15,0 mm со формирање на рапави површини. Формираниот облик на продорот не смее да биде во "V" форма. Од подлогата треба да се отстранат сите лабилни и неврзани делови, и истата треба да е обезмастена, обеспрашена и чиста.

## Вградување:

На Убрзувач-Ч се додава чиста вода во тежински однос 1:0,3. Се замешува со помош на шпахтла или со раце, со задолжителна употреба на заштитни ракавици, поради топлината што се развива при хидратацијата на материјалот како и заштита од хемиска иритација. Количината што се замешува треба да биде во согласност со многу краткото време за апликација на материјалот.
Приготвената смеса веднаш се втиснува на подлогата со шпахтла, глетарка или со рака, при што се внимава да се обезбеди максимален контакт со подлогата и се задржува до постигнување на почетокот на врзување на материјалот (1 мин).
При вградување на Убрзувач-Ч при ниски температури, препорачливо е водата за приготвување на малтерот претходно да се загрее (20ºC). При температура на подлогата или на воздухот < 1ºC не се препорачува апликација на Убрзувач-Ч.

## Потрошувачка:

Количеството на потребен материјал се пресметува според волуменска маса 1,7 gr/cm$^3$.

## Чистење:

Алатот и опремата, во период пред врзување на малтерот се чистат со вода, а после врзувањето по механички пат.

## Пакување:

Во натрон вреќи од 5 kg.
Во вентил вреќи од 20 kg.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба 12 месеци.

РЕПАРАЦИЈА НА БЕТОНИ

<u>Опасност по здравјето:</u> Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Задолжително е користење на заштитни средства: ракавици, маска и очила.
Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
<u>Пожар:</u> Убрзувач-Ч е незапалив прашок
<u>Чистење и депонирање:</u> Чистењето е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11, 1060 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: + 389 / 02 2034 840, 2034 820, Факс: + 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk